# ПСМ БИЛТЕН

*- ние ја креираме иднината за младите во Македонија*


**Октомври 2007**

**Број 5**


**Наслови:**

- Официјално отварањена ПСМ Инкубаторот и промоција на станарите!
- СЕЕИТА Конференција и Отворени Денови на МАСИТ
- Мајкрософт Визија
- Компјутерска училница во ПСМ


**Адреса:**
**ПСМ Фондација**
**Архимедова 6б**
**1000 Скопје**

**Контакт:**
**Тел: +389(0)2 3103 660**
**Факс: +389(0)2 3103 670**
**веб страна:**
**www.yesincubator.org.mk**



Поддржано од Владата на Норвешка во соработка со Владата на Р Македонија


## Официјално отварање на ПСМ Инкубаторот и промоција на станарите!

Гордо ви најавуваме дека официјалното отварање на ПСМ Инкубаторот се случи на 27ми Септември во рамките на ПСМ Фондацијата. На овој настан присуствуваа околу осумдесетина гости, вклучувајќи ги претставниците од донаторските институции, СИНТЕФ и ФИООМ, Норвешкото министерство за надворешни работи., претставници од бизнис заедницата, универзитетите, интернационални организации, бизнис партнери и партнери на фирмите станари во инкубаторот. При тоа беа презентирани главните активности и услуги, како и првите компании, станари во инкубаторот.

Активностите и станарите на инкубаторот беа промовирани и презентирани на СЕЕИТА Конференцијата и Отворени Денови на МАСИТ на 27ми и 28ми Септември, како и на Мајкрософт Визија одржана на 9ти и 10ти Октомври. Менаџментот на Инкубаторот успеаа да овозможат учество на сите фирми станари и на двата настани кои што беа одлична можност за промовирање на новите компании помеѓу претставниците на локаланата и регионалната бизнис заедница.

На крај да напоменеме дека Инкубаторот е сеуште отворен за нови потенцијални станари кои имаат претприемнички идеи и планират да започнат сопствени бизниси!

*Со почит,*

*Тимот на ПСМ Фондација*

### *Аплицирајте на: www.yesincubator.org.mk*

## СЕЕИТА Конференција и Отворени Денови на МАСИТ



На 27ми и 28ми септември беа одржани 5тата СЕЕИТА Конференција и 4тите Отворени Денови на МАСИТ во Скопје. Намената на овие настани беше регионална соработка во доменот на Информатичките Технологии, идентификување на потенцијални новорастечки пазари во Југоисточна Европа и поттикнување на соработка за нови ИКТ проекти.

ПСМ Инкубаторот овозможи учество на сите фирми, станари во Инкубаторот на овие настани, како и промоција на активностите и станарите на Кружната маса која што беше одржана во рамките на Конференцијата со акцент на процесот на Инкубација и Инкубаторите во регионот. Ова беше добра можност за станарите да се запознаат, дискутираат и научат од познати компании и одлична можност за соработка и поврзување со други бизниси. Исто така, ова беше можност да научат повеќе за локаланата и регионалната ИКТ заедница.

Во склоп на Конференцијата имаше презентација за ПСМ Инкубаторот, услугите што се нудат како и првите станари.

## Мајкрософт Визија

Петтата Мајкрософт Конференција која се одржува традиционално во Скопје ги собра претставниците на ИКТ заедницата од Македонија и Југоисточниот регион, и при тоа беа презентирани најновите Мајкрософт технологии и производи.

Оваа година, благодарение на извршниот директор на Мајкрософт Македонија, г-дин Гаговски, станарите на ПСМ инкубаторот, добија бесплатни карти за учество на овие два настани. Ова беше исто така добра можност за станарите и меџментот на Инкубаторот да бидат во тек со новите технологии, услуги и производи како и да се запознаат со важни претставници на светската Мајкрософт бизнис заедница.



*Дури и најдолгото патување започнува со првиот чекор! Дадете го првиот чекор и аплицирајте на:*

www.yesincubator.org.mk

## Компјутерска училница во ПСМ



На крајот на септември беше отворена и компјутерската училница во рамките на ПСМ Фондацијата. Училницата е опремена со најсовремена компјутерска опрема за организирање главно на ИКТ обуки како што се: Мајкрософт, ЦИСКО, Канцелариско работење, Слободен софтвер како и скроени обуки за одредени програмски јазици и технологии. Во моментов две од фирмите станари, Иновејшн и Малина Нет, почнаа да одржуваат обуки за ЦИСКО, Мајкрософт и Слободен софтвер.

